# ЈАВЕН ПОВИК ЗА РАЗВОЈ НА *ДОБАВУВАЧИ - РЕЗУЛТАТИ*



IFC International Finance Corporation
WORLD BANK GROUP
Creating Markets, Creating Opportunities

TIDZ
WE GROW TOGETHER

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Confederation

Federal Department of Economic Affairs,
Education and Research EAER
**State Secretariat for Economic Affairs SECO**

| Компанија | Сектор | Кусо резиме | Град/Регион |
|---|---|---|---|
| | | | |
| МЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА БРАТСТВО ИНОКС ДОО | Машинска индустрија и технологија | Главна дејност на компанијата е производство на садови за домаќинства за различни пазарни сегменти (домаќинства, хотели, ресторани, градинки и сл.).<br>Целта на проектот е преку техничката помош и советодавна поддршка да се поттикне зголемување на извозот, особено проширување на извозот на нови пазари, разгледување на можностите за набавка на нова современа опрема, дигитализација на процесот, подобра искористеност на материјалите, намалување на отпадот и можност за користење на рециклирани материјали и сл. | Охрид/Југозападен регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| РУЕН-ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ | Автомобилска индустрија | Главна дејност на компанијата е производство на делови од автомобилската индустрија. Според производствената програма компанијата е единствена во регионот на Балканот, а и една од малкуте во Европа која има вакво производство (Во Европа има вкупно 5 производители). Главна цел на овој проект е добивање на стручна експертска поддршка со цел намалување на производните трошоци со што ќе се зголеми конкурентноста на надворешните пазари. | Кочани/Источен регион |
| САВЕЛО ДРАГОЉУБ ДООЕЛ | Дрвна индустрија | Компанијата е специјализирана за производство на мебел. Извозно ориентирана компанија со над 60% учество на извозот во структурата на приходите. Главна цел на проектот е добивање на стручна помош со цел усовршување на производството и производите кои ги нуди преку идентификација на недостатоците и подобрување односно оптимизација на работните процеси. | Струмица/Југоисточен регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕТАЛ ВЕЛД ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Кавадарци | Машинска индустрија и технологија | Главна дејност на компанијата е производство на метални конструкции и делови за конструкции. Преку проектот компанијата цели кон обезбедување на експертска поддршка со која ќе се зголеми извозот како и оптимизација на процесот на производство. | Кавадарци/Вардарски регион |
| ИВОНА-П | Преработувачка индустрија за хартија | Семејна производствена компанија во сегментот на производство на хигиенски хартиени производи. 70% од приходите кои ги генерира компанијата се од извоз. Целта на проектот е проширување на нови пазари, а преку тоа зголемување на профитот и раст на компанијата, како финансиски така и технолошки со воведување на нови производи кои ќе бидат конкурентни на надворешните пазари. | Струмица/Југоисточен регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТЕХКОМ ДООЕЛ Кочани | Градежништво | Техком Дооел Кочани е водечка компанија во градежниот сектор веќе дваесет и четири години. Од 2021 година, претпријатието се вклучува во металната индустрија и започнува со производство на најразлични метални делови од лим,челик, инокс, алуминиум и железо, кои имаат широка примена во различни индустрии. Претпријатието поседува врвна CNC технологија за сечење, виткање, брусење, полирање, заварување и гравирање на метали.<br>Целта на проектот е со експертска поддршка да го зголемат извозот во делот на производство на метални делови, пронаоѓање на нови клиенти и зголемување на извозот. | Кочани/Источен регион |
| АЛКАЛОИД АД Скопје - Програма хемија, програма за ѓубрива | Фармацевтска индустрија | Компанијата е водечка во фармацевтскиот сектор.<br>Целта на проектот е добивање на експертска поддршка во делот на програмата за хемија поточно програмата за ѓубрива, особено во анализа на пазарите поврзана со актуелна програма за производи за земјоделско производство од земјите од регионот како и можностите за пласман и конкурентност на постојното портфолио на компанијата. Главна цел е зголемување на извозот од оваа програма и склучување на нови договори. | Скопје/Скопски регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АЛКАЛОИД АД Скопје-Програма козметика-Оптимизација на производен процес II** | Фармацевтска индустрија | Компанијата е водечка во фармацевтскиот сектор.<br>Овој проект е во делот на програмата козметика - оптимизација на производниот процес.<br>Цел на проектот е техничка помош во делот на оптимизација на производниот процес во овој сегмент преку намалување на времето поминати на задачи без додадена вредност (непотребни операции, чекање, хиперпродукција и сл.) кои може да се потенцијал за намалување на квалитетот на производство, појавување на компликации и непотребни одложувања. Оптимизацијата директно ќе влијае на зголемување на произведената количина, кратење на времето за производство и намалување на цената на чинење. | **Скопје/Скопски регион** |
| **КЕНТАУР ИМПЕКС ДООЕЛ Скопје** | Металопреработувачка индустрија | Кентаур импекс - производител на челични производи во Македонија. Компанијата користи најсовремена технологија за преработка на челик.<br><br>Цел на проектот е да стане дел од мрежата на добавувачи и да соработува со странските компании во земјава, како и анализа на потребните инвестиции за приспособување на моменталното производство, и насоки што точно им е потребно на компаниите, како и проширување кон други индустрии. Компанијата цели и кон освојување на нови европски пазари преку успешната соработка со странските компании во земјава, односно проширување на соработката и со “компаниите мајки“. | Скопје/Скопски регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **БИСЕРА КОМЕРЦ Битола ДООЕЛ** | Креативни индустрии | Компанијата се занимава со трговија. Целта на проектот е да започне и своја производствена линија. Според развојната стратегија компанијата планира да започне изработка на производи од скапоцени метали и пробивање на нови пазари. Со техничката поддршка компанијата цели да добие анализа состојбата на компанија, изработка  на акциски план, конкурентна стратегија и системи за управување. | Битола/Пелагониски регион |
| **ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци** | Градежништво | Друштво за градежништво и трговија кое покрај основната дејност градба се занимава и со производство на бетон, бетонски елементи и тампон маси за асфалтирање. Целта на проектот е компанијата да ја зголеми соработката со странски компании, да се зголеми извозот и адаптација на производството според потребите на пазарот. | Кавадарци/Вардарски регион |